Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ

Март 2019 година

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ТУТУНОТ**
**СО ПРОЦЕНА ВО ЗЕЛЕНА СОСТОЈБА И НАДОМЕСТОК НА ЗАГУБА СО КВАЛИТЕТ И КВАНТИТЕТ**

Одделни изрази во овие Услови ги имаат овие значења:

1. “ОТКУПУВАЧ” - претпријатие кое го договара производството на тутунот, врши откуп на суровиот неферметиран тутун во лист, може да ја пресметува и наплатува премијата при откуп и ја испраќа на осигурувачот.
2. “ДОГОВОР” - писмен акт со кој се регулираат односите помеѓу осигурувачот и договорувачот на осигурувањето, како и односите осигурувач и договорувач со осигуреникот, т.е. осигуреникот со договорувачот и осигурувачот.
3. “МЕРИЛА ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ТУТУНОТ” - пропис врз основа на кој се врши откуп на суровиот неферметиран тутун во лист по квалитетни својства за секој тип и сорта тутун.
4. “ИНСЕРЦИЈА” - (берба, рака и сл.) - збир на тутунови лисја со исти квалитетни својства, на стракот на тутунот, во однос на целокупната берба на стракот (подбир, надподбир, “долен среден”, прав среден”, “горен среден”, кај ароматичните сорти “ковалама”, “подврв” и “врв”.
5. “ИДЕАЛНА КЛАСА” - највисок квалитет на тутунови лисја во која може една инсерција од тутуновите лисја да биде откупена, а според прописите на мерилата за класификација на тутуновите лисја во сурова состојба.
6. “ВРЕДНОСТ НА КЛАСИТЕ” - пропишана или договорена цена помеѓу производителот на тутун и договорувачот за 1 кгр. суров неферментиран тутунов лист по класи.
7. “ВРЕДНОСЕН КОЕФИЦИЕНТ” - поединечна и кумулативна вредност на секој поединичен тутунов лист, зависно од инсерцијата на која и припаѓа, како за неоштетениот така и за оштетениот тутунов лист.
9. “ТАБЛИЦА” - збир на вредносни коефициенти за неоштетениот лист за секој тип или сорта на осигурениот тутун.

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ, ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 1**
(1) Предмет на осигурувањето по Посебните улови е културата тутун:
Кај тутунот со осигурување се опфаќа листот.
(2) Обврската на осигурувачот за надоместок за штети почнува и трае:

1. За штети од град - од денот на расадување на тутунот па до завршувањето на бербата, а најдоцна до 30 септември од производната година.
2. За штети од пожар од денот на расадување на тутунот па до предавање на суровиот тутун во откуп од соодветната реколта, освен за тутуните кои се сушат во сушилници со вештачко загревање, каде ризикот не е покриен со осигурување додека е во таквата сушилница.

**ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 2**
(1) Осигурувачот е во обврска да ги надомести штетите предизвикани со уништување на осигурениот тутун во лист од ризикот град и удар на гром, а до колку е договорен и ризикот поплава проследена со град за сето време додека тутунот е необран на тутуништето, а за штетите од пожар, до предавање на суровиот тутун во откуп од соодветната берба.

(2) Осигурувачот не е во обврска за штетите настанати од опасностите - ризиците кои не се наведени во став (1) од овој член во Посебните улови, како ни за штетите од растителни болести и штетници.

**ОБЕМ НА ОБВРСКИ ЗА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТИ**
**Член 3**
(1) За штетите настанати со оштетување или уништување на осигурениот тутун од ризиците од член 2 од овие Услови, осигурувачот е во обврска да ги надомести штетите во загуба во количество - квантитет, како и штетите претрпени поради загуба во квалитет.

**ПРЕСМЕТКА И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА**
**Член 4**
Премијата се пресметува и наплатува:

(1) Кај поединечните осигурувања од однапред утврдените вредности на тутунот (сума на осигурување), со примена на премиските стапки од тарифна група 1, а според класата на опасност во која е распределено местото, односно катастарската општина од ризикот град. Премијата се плаќа целосно однапред или најмногу во две рати, со тоа што првата рата се плаќа при склучување на осигурувањето, а втората најдоцна до 30 ноември во тековната година.

Во случај кога премијата, односно првата или втората рата не е платена во договорениот рок, а по истата полиса се пријави штета во рамките на тој рок, се смета дека полисата е неважечка, односно договорот за осигурување не започнал и друштвото нема обврска за исплата на штета по таа полиса. Во ваков случај, осигуреникот има можност да ја плати премијата која преостанува за периодот до крајот на скаденцата, при што полисата ќе ги покрие сите ризици согласно договорот од моментот на плаќање до денот на истекот на скаденцата на полисата, односно осигуреникот може да го откаже осигурувањето во целост, при што задолжително ќе мора да ги плати трошоците кои осигурителното друштво ги претрпело до моментот на раскинување на осигурителниот договор.

(2) Кај масовното осигурување на производство на тутун премијата се пресметува:

- Доколку не е поинаку договорено, при откупот на суровиот тутун во лист.
- Во полисата според договорените параметри во истата.

Кога премијата се пресметува при откуп, откупувачот на тутунот врши пресметка и ја наплатува премијата од вкупната вредност на откупениот тутун од секој поединечен осигуреник производител на тутун кои се произнел за осигурување.

- откупувачот на тутун е должен наплатената премија од осигуреникот - производителот на тутун да ја уплати на осигурувачот најкасно до 20-ти во месецот за сите откупени количества на тутун во минатиот месец;
- последната уплата е 20 дена по завршувањето на откупот на тутунот на соодветното подрачје;
- со потпишувањето на анекс кон договорот за деловно-техничка соработка со работните организации за откуп и обработка на тутун се регулира прашањето за плаќање на задржаната премија од тутунопроизводителот.

Сопственото производство на тутун кај земјоделските стопанства се осигурува по истите услови како и производството на тутунот на индивидуалните производители на тоа подрачје.

(3) Осигурувачот и откупувачот се должни во рок од 15 дена по завршувањето на откупот на тутунот да направат записник за конечна пресметка од увидот во главната книга за откупот, за вкупното количество и вкупната вредност на откупениот тутун и наплатената премија од производителите од осигурената берба по сорти-типови на тутун.

(4) При пресметка и ликвидација на делумните и тоталните штети кај масовните осигурувања, кога премијата се пресметува од вредноста на откупениот тутун осигурувачот пресметува и наплатува соодветната премија од износот на штетата.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ПО НАСТАНУВАЊЕТО НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ - РИЗИК**
**Член 5**

(1) По настанувањето на осигурениот случај, осигуреникот е должен веднаш а најдоцна во рок од три дена писмено да ја пријави настанатата штета на осигурувачот, а кај масовните осигурувања најдоцна во рок од два дена, на претставникот на откупувачот, реонскиот инструктор доколку поинаку не се договори.

Настанатата штета од пожар на тутунот, осигуреникот е должен веднаш да ја пријави и на најблискиот орган на МВР.

(2) Производителот на тутун е должен веднаш по настанувањето на осигурениот случај да преземе потребни мерки да се спречи зголемување на штетата. Ако осигуреникот не ги преземе овие мерки не му се надоместува оној дел од штетата кој при тоа настанал.

(3) Ако некоја инсерција во моментот на оштетувањето се наоѓа во фаза на техничка зрелост осигуреникот е должен и пред процената на штетата да пристапи кон берба на таа инсерција или дел од инсерцијата, а со цел технички зрелиот лист да не презрее и ги изгуби квалитетните својства. Во таков и други спорни случаи осигуреникот е должен како примероци за процена да остави по два реда во средината на парцелата исто така на долниот и горниот дел од парцелата.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА**
**Член 6**

(1) Осигурувачот е должен по приемот на пријавата на штетата да пристапи кон утврдување и процена на штетата. Утврдувањето и процената се врши на нива (тутуниште), а во случај на штети од пожар, на местото каде тутунот се наоѓал во моментот на пожарот.

(2) Утврдувањето и процената на штетата ги вршат осигурувачот и осигуреникот. Осигуреникот може да овласти и други лица да го застапуваат во процената.

Процената може да се врши и по пат на комисија во состав: избран преставник од местото на Здружение на тутунопроизводители или договорувач на осигурувањето и осигурувач.

Резултатите од процената се внесуваат во записникот за процена на штети.

(3) Осигурувачот е должен за времето на вршење на процената да ги извести осигурениците на најпогоден начин, заради нивно учество во процена на штетата.

Осигуреникот е должен на покана од претставник на осигурувачот да излезе на терен заради процена на штетата. Во случај осигуреникот или неговиот претставник да не се јави на поканата да присуствува на процената на штетата, истата ќе се обави во присуство на претставник на месната заедница или во присуство на двајца сведоци.

(4) Кога ќе се утврди дека настанал осигурен случај се пристапува на процена и се утврдуваат:

**А. КАЈ ШТЕТИТЕ ОД ГРАД**

1. Презиме и име на осигуреникот и број на договорот за производство на тутун за соодветната берба.
2. Назив на парцелата.
3. Сорта - тип на тутунот кој е оштетен.
4. Површина под тутун.
5. Вкупниот број на здрави стракови на парцелата пред настанување на осигурениот случај.
6. Број на здравите стракови.

7. Број на тотално уништените стракови од настанатиот ризик со определување да можат да се пресадат (со или без преорување) или не можат да се пресадат зависно од временските прилики, прикладноста на земјиштето, периодот во кои настанал осигурениот ризик, комисијата одлучува и дава писмен налог во самиот записник за пресадување на тотално уништените стракови.

8. Број на страковите на кои лисјата се делумно оштетени од осигурениот ризик ( механички оштетена).

9. Просечна загуба на лисната површина механичка оштетеност на делумно оштетени листови изразена во проценти која се утврдува врз основа на бројот на развиените листови до последниот оштетен лист.

- просечен број на потполно (тотално) оштетени листови во страк на делумно оштетените стракови;

Ако настане штета во развојот на тутуновиот страк, кога не е извршена берба на ниту еден лист и не се уништени вегетативните пупки, а загубата на лисната површина изнесува за “Прилеп”, “Јака”, “Хебел”, “Отqа” и “Вирхинија” преку 60,0% и “Берлеј” преку 65,0%, таквата штета се смета за тотална и тоа само за просечниот број на развиени листови до настанување на штетата.

При утврдување на загубата на лисната површина тотално оштетен лист се смета оној лист кој е механички оштетен за “Прилеп”, “Јака”, “Хебел”, “Отqа” и “Вирхинија” преку 60,0% и “Берлеј” преку 65,0% како и листот чиј главен нерв е прекршен во првата третина од должината, сметајќи од местото на спојување кон врвот на листот, ако листот е во техничка зрелост, се оценува според степенот на оштетувањето и откинат лист.

10. Бројот на развиените листови се утврдува со броење на листовите оздола (од земјата) нагоре до последниот оштетен лист. Обраните листови пред настанувањето на осигурениот ризик, се вклучуваат во бројот на развиените листови врз основа на лузните на стебленцето во моментот на процената на штетата.

11. Просечниот број на обрани листови до настанувањето на осигурениот ризик.

Ако при процената се утврди дека пред настанувањето на осигурениот случај извесен број листови од една или повеке инсерции бил технички зрел и ако таквите листови, од било кои причини не се обрани, тие при утврдување на просечниот број на обрани листови се сметаат како обрани листови.

12. Бројот на уништените или оштетени стракови од град, и оштетени од ризиците кои не се опфатени со осигурувањето на пример: растителни болести (мозаик, жабино око, пламеница на тутунот, вироза и др.); од штетници (трипси, скакулци, сив црв и др.): од механички оштетувања (ветер, чакал и др.).

Кај делумните штети степенот на деградација на квалитетот на тутуновиот лист од горенаведените мани и оштетувања, се изразува во степени и тоа:

I СТЕПЕН - Незначителни оштетувања кои при процената се занемаруваат.

II СТЕПЕН - Средни оштетувања кои опфаќаат 1/3 од лисната површина. Во записникот за процена се впишува кои мани и оштетувања со назначување за “средни оштетувања на лисјата”.

III СТЕПЕН - Јаки оштетувања кои опфаќаат преку 1/3 лисна површина. Но најмногу 2/3 лисна површина. Во записникот за процена се впишува кои се маните и кои оштетувања со назнака “јако оштетување”

IV СТЕПЕН - Јаки оштетувања кои ја опфаќаат целата лисна површина. Ваквите лисја со процена се сметаат неоштетени. Во записникот за процена се впишува кои се маните и оштетувањата со назнака: “лисјата немаат употребна вредност”.

V СТЕПЕН

1-Јако оштетување на лисната површина кај ситнолисните и крупнолисните тутуни предизвикани содејствата на градот пропратени со луња, ветер кои се движат од 35,1% до 60%, односно 65% и ови оштетувања така се искажуваат во записникот за процена.

2-Ако кај оштетувањата од точка 1) интензитетот на оштетување од ветер од луња е поголем од интензитетот на оштетувањата од град, таквите оштетувања се искажуваат во записникот за процена:"луња со град".

3-При процена на штета, утврдениот степен на оштетување од ризиците од точка 12 од овие посебни услови, задолжително се внесува во записникот за процена на штета.

Во сите наброени случаи ако тутуновиот лист не е механички оштетен од град, туку од други причинители кои не се опфатени со осигурување, при процена се сметаат здрави лисја. Ако тутуновиот лист делумно е оштетен од град, а делумно од спомнатите причинители се утврдува процентот на оштетување од град, со тоа што во записникот се утврдува видот на другите оштетувања и тоа се изразува во степени.

Ако пресадениот тутун не успее при околностите на кои осигуреникот не можел да влијае, осигуреникот е должен со потврда од работната организација со која склучил договор за производство, тоа да го пријави на осигурувачот најдоцна до 20 јули. По ваквата пријава се врши преглед на состојбата на пресадените стракови на самото место.

**Б. КАЈ ШТЕТИТЕ ОД ПОЖАР**

Во записникот за процена на штети се внесуваат следните податоци:
1. Дата и причина на пожарот,
2. Презиме и име на производителот на тутун и број на договорот за садење на тутун склучен со работната организација за откуп на тутун,
3. Сорта - тип на тутунот,
4. Опис на состојбата на тутунот пред пожарот,
5. Местото каде тутунот бил сместен,
6. Количеството на тутунот со кое производителот е задолжен кај друштво за откуп,
7. Количеството на евентуалниот спасен тутун во оштетена состојба и процентот на намалената вредност на спасениот тутун,
8. Количеството на изгорениот тутун.

Ако тутуновиот лист не биде предаден на договорувачот на производството на соодветната берба во срок од 10 дена по завршувањето на откупот во тоа место обврската на осигурувачот за надоместок на штета престанува по истек на 10-тиот ден во 24 часот од денот кога откупот по договор со договорувачот на производството е завршен во тоа место, па по тоа штетите од пожар не се надоместуваат.

**В. ВЕШТАЧЕЊЕ**

1. Се спроведува во смисла на одредбите од член 21 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.
2. Во вештачењето учествува вешто лице на осигуреникот, осигурувачот и здружението (договарач на осигурувањето).

**ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТАТА**
**Член 7**

(1) Пресметка на штетата се врши врз основа на податоците од записникот за процена на штети и таблицата за вредносни коефициенти зависно од: просечниот принос , грам по еден страк тутун, цена на тутунот по еден килограм по типови на тутун, односно договорени во полисата.

(2) Таблиците за вредносни коефициенти се изработуваат за секој тип - сорта тутун врз база на реалниот успех на инсерцијата по мерилата за класификација на тутунот, врз основа на просекот на реалните класи остварени во откуп на тутунот од соодветната година, за потесните и пошироките производни подрачја, како и врз основа на следните елементи:

1. Број на инсерции на тутунот на страк,
2. Просечниот број на листови по страк зависно од типот сорта на тутунот,
3. Тежинското учество на инсерцијата во 100 гр. тутун (или вкупната тежина на стракот).

(3) Вистинската (стварната) вредност на тутунот за надоместок на штета се утврдува и тоа :

1. За начинот на осигурување по кој премијата се пресметува од откупениот тутун, врз основа на бројот на уништените или делумно оштетените стракови, од просечниот тригодишен принос по еден страк и просечната цена по еден килограм остварен во откупот за соодветната берба во производното подрачје, за АД заоткуп кое откупува тутун, доколку не е поинаку договорено.

2. За начинот на осигурување по кој премијата се пресметува од договорената сума на осигурување врз основа на договорениот род и договорената цена по еден килограм зависно од сортата и типот на тутунот.

(4) Пресметката на штетата се врши зависно од видот на оштетување и тоа:

**А. КАЈ ТОТАЛНИТЕ ШТЕТИ**

(1) Кога на место на уништените стракови е можно да се изврши повторно расадување на тутуновите стракови, пресметката се врши и штетата се исплатува во висина на направените трошоци за повторно расадување (вредност на расадот, трошоците за расадување, трошоците за орање со бранење, маркирање, полевање и прво односно второ прашање, доколку било извршено), а според месните цени во местото на настанување на штетата односно АД за откуп кои договориле производство или од надлежниот Институт за тутун.

Трошоците за повторно расадување се надоместуваат најмногу до 20% од вредноста на уништените стракови.

Доколку пресадените тутунови стракови не успеале, на осигуреникот му се надоместува разликата помеѓу исплатениот надоместок за направените трошоци за пресадување и висината на надоместокот за тотални штети,по добивање потврда согласно член 6.

(2) Кога на местото на уништените стракови не може да се изврши пресадување поради немање на тутунов расад, или поради неповолни временски услови, како и кога тутуновите стракови се уништени по повторното расадување, а пред настанувањето на осигурениот ризик, нема брано тутун, надоместокот се пресметува од вредноста на уништените стракови, со тоа што се одбива на име не извршени работи и тоа: за ориенталски и полуориенталски типови на тутун 50% за крупнолисни тутуни кои се откупуваат во зелена состојба 35%, за крупнолисни тутуни кои се откупуваат во сува состојба 63%.

(3) Кога тутуновите стракови се уништени а пред настанувањето на осигурениот ризик е извршено берење на извесен број на листови, од стварната вредност на уништените стракови се одбива вредноста на обраните здрави листови, според таблицата за соодветниот тип - сорта тутун.

Од така добиената разлика се одбива на име неизвршени работи и тоа: за ориенталски и полуориенталски типови на тутун 50%, за крупнолисни тутуни кои се откупуваат во зелена состојба 35%, за крупнолисни тутуни кои се откупуваат во сува состојба 63%.
(4) Оштетувањата на тутуновите листови за типовите на тутун "Прилеп", "Јака", "Хебел", "Отqа" и "Вирхинија" преку 60% и за "Берлеј" преку 65,0%, во случаите кога не е уништена вегетативната пупка, а пред настанувањето на осигурениот ризик, нема брано тутун, таквата штета се пресметува како тотална штета така што за бројот на тотално уништените листови се изнаоѓа вредност со примена на вредносниот коефициент за здрави листови па од оваа вредност се одбива на име не извршени работи и тоа: за ориенталски и полуориенталски типови на тутун 50%, за крупнолисни тутуни кои се откупуваат во зелена состојба 35%, за крупнолисни тутуни кои се откупуваат во сува состојба 63%.
(5) Кога бројот на уништените стракови од ризиците опфатени со осигурување, доколку не е поинаку договорено изнесува 5% и помалку од вкупниот број здрави стракови на соодветната парцела, штетата не се надоместува, доколку поинаку не се наведе во полисата.

**Б. КАЈ ДЕЛУМНИ ШТЕТИ**

(1) Кога загубата на лисната површина, доколку поинаку не е договорено, изнесува 10% 5,1% до 60% за типовите на тутун "Прилеп", "Јака", "Хебел", "Отqа" и "Вирхинија" и 10% 5,1% до 65% за тип на тутун "Берлеј" се надоместува загуба во квалитет и квантитет и тоа:
- од класата во која лисјата од соодветната инсерција се класираат според мерилата за откуп на суров тутун во лист според процентот на механичка оштетеност од остварениот ризик, па до горната граница на класата во која лисјата од соодветната инсерција би биле класирани да не биле оштетени.

Загубата во квалитетот и квантитетот се изразува во коефициенти, зависно од просечниот број на утврдените листови на стракот по сорти - типови тутун и процент на механичко оштетување на тутуновите лисја, а според изработените таблици.
(2) Пресметката на делумните штети се врши според таблиците на вредносни коефициенти, земајќи ги во обзир и следните елементи:

1. Број на механички оштетени стракови,
2. Просечниот процент на механички оштетени лисја,
3. Просечниот принос по еден страк.
4. Просечниот број на обрани листови пред настанување на осигурениот случај ризик,
5. Просечната цена на 1 кгр. тутун, за соодветната година за соодветната сорта - тип тутун.
6. Просечниот број на оштетени листови при настанувањето на осигурениот ризик.

(3) Оштетувањата кои настанале на развиените листови, на утврден број на стракови каде не е извршено ниту едно берење до настанувањето на штетата, за типовите на тутун "Прилеп", "Јака", "Хебел", "Отqа" и "Вирхинија" над 60,0% и за "Берлеј" над 65,0% се сметаат за тотални оштетувања, а надоместокот се пресметува како и во случајот под А точка 2) од овие Посебни услови.
(4) Кај оштетувањата на тутуновите лисја кои настануваат по берба на поедини инсерции надоместокот се пресметува на тој начин што од износот на штетата се одбива вредноста на обраните лисја од групацијата од која се зема вредносниот коефициент, а разликата се исплатува на име оштета.
(5) Ако во текот на вегетацијата се повторат оштетувањата на два или повеќе пати на едно исто тутуниште, а пред второто или третото оштетување не е обран ниту еден тутунов лист, надоместокот се пресметува според последната процена.

(6) Ако пред второто, односно третото оштетување е обран извесен број листови, тогаш за обраните оштетени лисја надоместокот се пресметува според првата процена, а за останатите лисја според последната процена, со тоа што:

1. Првиот случај, ако пред првиот град се обрани здрави лисја се одбива вредноста на тие здрави лисја, а потоа се врши пресметка за бројот на делумно оштетените лисја од првиот град според утврдениот процент на оштетување.

2. Во вториот случај, се одбива вредноста на здравите лисја пред настанатата штета, како оштетени лисја од првата процена, така што пресметката на оштетата се врши на бројот на не обраните оштетени лисја од втората процена.

3. Во третиот случај, се одбива збирниот здрав лист пред првото оштетување, потоа оштетеноста од првата процена и оштетениот лист од втората процена, но обрани пред третото оштетување и пресметката се извршува според број на обраните листови, според утврденото оштетување кај третата процена.

Во сите три случаи на пресметување се применуваат коефициентите од групацијата за која и припаѓа процентот на оштетување, без оглед дали се работи за здрави или оштетени лисја.

(7) Ако пред второто или третото оштетување биле обрани здрави лисја како пред првото, така и пред второто, односно третото оштетување пресметката се врши така што за бројот на оштетените лисја се пресметува надоместок, а кај следната пресметка се занемаруваат претходно обраните оштетени лисја, бидејќи за нив е извршена пресметка во првата постапка. Од вкупниот износ се одбиваат сите обрани лисја пред второто, односно третото оштетување. И во овој случај кај пресметката се применуваат вредносни коефициенти за групацијата на која припаѓа процентот на оштетување.

(8) Сите механички оштетувања на тутуновиот лист до 10%, 5% не се надоместуваат доколку поинаку не се наведе во полисата.

(9) Кога со процената е утврдено дека бројот на развиените лисја е поголем од просечниот број од таблицата за соодветниот тип - сорта тутун, пресметката се врши според последниот вредносен коефициент од таблицата за соодветната групација на оштетување.

(10) Ако во записникот за процена се констатира деградација на квалитетот на тутуновиот лист поради опасностите кои не се опфатени со осигурување, кај пресметката на штетите од износот на штетата се одбива:

1. За деградацијата означена во степен II - се одбива 10%;20%
2. За деградацијата означена во степен III - се одбива 20%; 30%
3. За деградацијата означена во степен IV за вака оштетен лист не припаѓа оштета;
4. За деградацијата означена во степен В/1 - се одбива и тоа:

**Б. КАЈ ШТЕТИТЕ ОД ПОЖАР**

(1) Тоталните штети се пресметуваат на тој начин што изгореното количество тутун се множи со договорената цена ден/кгр тутун во полисата.

Од така добиениот износ се одбиваат трошоците за неизвршени работи и тоа:

1. Ако тутунот изгорел на нива 50%;
2. Ако тутунот изгорел во низи 20%;
3. Ако тутунот изгорел во истиви, бали и корпи 5%.

(2) Делумните штети се пресметуваат на тој начин што сумата на осигурување на делумно оштетеното количество тутун се множи со процентот на оштетување.

**ИСПЛАТА НА ШТЕТАТА**
**Член 8**
(1) Исплатата на штетите ке се врши врз основа на документ (пресметка) за предадена целокупна количина на тутун во откуп од страна на производителот (осигуреникот) за исплатена вредност на откупениот тутун и задржена премија за осигурување од страна на организацијата за откуп и обработка на тутун, најдоцна 30 дена по извршената исплата на откупениот тутун и уплатата на премијата кај осигурувачот.
(2) Ако осигуреникот при откупот на тутунот не го донесе сето количество тутун со кое е задолжен, штетата ќе се пресметува во пропорција (сразмер) помеѓу вкупното продадено и задолженото количество тутун. Откупувачот е должен пред исплатата на оштетата на осигурувачот да му достави список на оние производители на тутун кои не го предале целиот произведен тутун по задолжување туку делумно го оттуѓиле.
Ако при откуп производителот воопшто не предаде никакво количество тутун, штетата не му се надоместува.

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**
**Член 9**
(1) Осигурувачот и осигуреникот имаат право да вршат проверка на извршените процени или според состојбата на тутунот или според податоците од книгите и да побараат исправка на проценета.
(2) Проверката осигурувачот ја врши во спогодба со осигуреникот, односно со неговиот полномошник или претставник на органот или организацијата со која е склучен договорот за производство на тутун.
Ако во тој случај не се постигне согласност, ќе се пристапи кон вештачење во смисла на член 21 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**
**Член 10**
На осигурувањата склучени по овие Посебни услови, доколку не се во спротивност со истите, се применуваат Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ЛУЊА

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Осигурени се посеви и плодови кои се осигуруваат по Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со оштетување или уништување на осигурените посеви и плодови од луња.

Под луња се смета движење на воздушна маса односно ветер со јачина од 17,2 м/с и повеќе.

(2) Настанување на ризикот луња се докажува со извештај на хидрометролошката служба за јачина на ветерот или податоците од меторолошките инструменти инсталирани во осигурениот објект.

Ако хидрометеролошката служба не располага со податоци за јачината на ветерот за подрачјето каде е пријавена штетата или нема инсталирани метеоролошки инструменти во осигурениот објект остварувањето на ризикот луња се утврдува според директните механички оштетувања како што се: прекршување, кршење, корнење, откинување и сл.

(3) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест од осигурување на штети кои ќе настанат од ветер со помала јачина или топли струења на воздухот за време на летото како: истресување на зрната поради презреаност, попречување на цутењето и оплодувањето, полегнување поради бујноста на посевот преголема влага или габни заболувања.

## УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

(1) Осигурувањето од луња е условено со склучување на осигурување од основните ризици по општите услови за осигурување на посеви и плодови, со исклучок ако осигурениот посев односно насад е заштитен со противградобијна мрежа (плетена).

(2) Осигурувањето од луња да се склучи **до 15 мај секоја година,** ако не е поинаку договорено.

(3) Склучувањето на осигурувањето од луња осигурувачот може да го услови со претходниот преглед на посевите и плодовите за кои се бара осигурување од луња.

## ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ

**Член 4**

На осигурувањата склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ПРОЛЕТЕН И МРАЗ

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување се посеви и плодови кои се осигуруваат по Посебните услови за осигурување на посеви и плодови со исклучок на младите овошни и лозови насади кои се неродни.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска за надомест од осигурување за штети на осигурените посеви и плодови ако се уништени или оштетени поради пролетен мраз. Под пролетен мраз се подразбира паѓање на температурата на воздухот под 0°C, доколку настане во времето од **15 Април по 24:00 часот па до 31 Мај до 24.00 часот**, ако поинаку не е договорено.
При сигурување од пролетен мраз покритието се однесува по фаза на цветање.
(2) Осигурувачот не е во обврска да плати надоместок за штети предизвикани од релативно ниски температури над 0°C и други неповолни временски услови во време на цветање (дожд, ветер и др.) кои влијаат на лошо оплодување или во целост го спречуваат.
(3) Осигурениот случај од ризикот пролетен мраз се докажува врз основа на податоците од метеоролошките инструменти (термохигрографи) инсталирани во насадите, или врз основа на карактерот на оштетувањата на осигурените посеви и плодови или на растенијата кои се во непосредна близина.

## УСЛОВИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ СКЛУЧИ ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

(1) Осигурувањето според овие дополнителни услови може да се склучи само како дополнителен ризик на веќе склучено осигурување од основните ризици по Посебните услови за осигурување на посеви и плодови.
Сумата на осигурување за ризикот пролетен мраз не може да изнесува **повеќе од 70%** од сумата на осигурување за основните ризици, ако поинаку не е договорено и наведно во полисата за осигурување.
(2) Осигурувањето според овие дополнителни услови може да се склучи во текот на траење на вегетацијата, освен **долгогодишните насади**, кај кои осигурувањето може да се склучи најдоцна **до 15 март секоја година,** освен ако поинаку не е договорено и наведно во полисата за осигурување.
(3) Склучување на осигурувањето според овие дополнителни услови, осигурувачот може да го услови со претходен преглед на посевите и плодовите за кои се бара ова осигурување.
(4) Осигуреникот според овие дополнителни услови е должен да ги осигура сите површини под посеви и плодови од исти вид.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 4**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурувањето за штети од пролетен мраз кај трајните насади започнува **петнаесетиот ден (15) ден во 24 часот** , освен ако поинаку е договорено и наведено на полиса , од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурувањето но не пред во моментот кога насадот ќе помине одредена фаза од својот развој, но не пред 15 Април од 24:00 часот, односно:

1.кај овошките -во момент на почеток на цветање, кога се отворени барем 20% од цветовите во насадите по поединечни видови и сорти;

2. кај лозовите насади-во моментот на почеток на пупење на виновите лози, што значи декамора да бидат отворени 20% од пупките и веќе видливи зелени ливчиња кај поединечни сорти (фенофаза Д);

(2) Кај сите останати култури обврската на осигурувачот започнува во 24 часот од десеттиот ден по склучувањето на осигурувањето, додека за градинарските култури и цвеќиња не пред 1 мај во 24 часот.

(3) Обврската на осигурувачот за надомест на штета според овие услови престанува после 31 Мај во 24:00 часот

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**

**Член 5**

На осигурувањата склучени по овие Услови доколку не се во спротивност со нив, се рименуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ПОПЛАВА

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Услови се посеви и плодови кои се осигуруваат по Општите
услови за осигурување на посеви и плодови.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)**

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување заштети предизвикани со оштетување или уништување на осигурените посеви и плодови од поплава.

Под поплава се подразбира стихијно неочекувано плавење на теренот како резултат на порој,
излевање на река од корито, канал и провалување на одбранбен насип или брана.

(2) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест од осигурување наштети кои ќе настанат:

- Од други прекумерни води (подземни води, дожд, протекување од насипи),
- Заради нефункционалност на канали за одводнување,
- Заради намерно рушење на канали и насипи,
- Заради извршување на наредби на надлежен орган, освен доколку наредбата е издадена во согласност со осигурувачот со цел спречување на понатамошно плавење и зголемување наштетата на осигурените посеви и плодови.

(3) Посеви и плодови на мочуришни земјишта, земјишта помеѓу реки и насипи, како и земјишта кои се незаштитени, односно немаат одбранбени насипи, а се редовно поплавувани не можат да бидат предмет на осигурување.

**УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 3**

(1) Осигурувањето од поплава може да се склучи од почеток на сеидба или садење, а за долгогодишните засади и повеќегодишните култури до **15 март секоја година**, доколку во

време на поднесување на понудата за осигурување не постои непосредна опасност од поплави.

(2) Осигурувањето од поплава е условено со склучување на осигурување од основните ризици согласно Општите услови за осигурување на посеви и плодови,).

(3) Осигуреникот е должен да ги осигури сите површини под посеви и плодови од ист вид.

**СМАЛУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СУМАТА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 4**

(1) Осигуреникот може да побара смалување или зголемување на сумата на осигурување, ако во меѓувреме не е настанат осигурен случај и ако не постои непосредна опасност од поплава.

(2) Осигурувачот може да го услови смалувањето или зголемувањето на сумата на осигурување со претходен преглед на осигурените посеви и плодови, со тоа што обврската на осигурувачот за променетата сума на осигурување стапува на сила во 24-от час во денот кога е постигната писмена спогодба за смалување или зголемување на сумата на осигурување.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

**Член 5**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување заштети од поплава почнува:

- Кај посевите од моментот на завршување на сеидбата, односно садењето, но никако не пред истекот на 24-от час од оној ден кога е платена првата рата од премијата за осигурување;
- Кај останатите култури согласно одредбите од член 5 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

(2) Обврската на осигурувачот за надомест на штети од поплава престануваат согласно одредбите од член 5 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ ПРЕД И ПОСЛЕ НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**

**Член 6**

(1) Осигуреникот е должен во текот на траењето на осигурувањето, а особено кога е извесно дека ке настане поплава, да преземе потребни мерки за да се спречи остварувањето на осигурениот случај (подигнување, односно зацврстување насипи, одржување на функционалност на системот за одводнување и др.);

(2) Кога ќе настане осигурен случај осигуреникот е должен да преземе соодветни мерки со цел спречување на зголемување наштетата (исфрлување на преостанатата вода, копање и др.).

**ПРИМЕНА НА ОП[ТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**

**Член 7**

(1) На осигурувањата склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив, се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

**ПРАВНА ПОУКА**

**Член 8**

(1) Осигуреникот има право до Агенцијата за супервизија на осигурување, како надлежен орган за супервизија на друштвото за осигурување, да достави претставка во однос на друштвото.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ГУБЕЊЕ НА СЕМЕНСКИ КВАЛИТЕТ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Осигурени се посеви и плодови кои се осигуруваат по Општите услови за осигурување на посеви и плодови ако служат за производство на семе и тоа од признати сорти, линии, односно хибриди.

### ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети, поради губење на семенски квалитет предизвикани:

- од основните ризици по Општите услови за осигурување на посеви и плодови;

(2) Штетите поради губење на семенски квалитет се надоместуваат само ако осигурените посеви и плодови пред остварување на осигурениот ризик ги имале сите својства на семенскиот материјал.

### УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

(1) Правото на осигуреникот за надомест на штета од осигурување поради губење на семенски квалитет при остварување на осигурениот ризик се утврдува на парцелата пред жетвата или бербата на осигурениот посев.

(2) Утврдувањето и процената на штетата го вршат заедно осигурувачот, осигуреникот и претставник на стручната служба за контрола на семенските производи.

(3) Доколку посевот поради остварување на осигурениот ризик изгуби семенски квалитет, надоместот на штета од осигурување се утврдува во висина на разликата помеѓу сумата на осигурување, односно стварната вредност на семенскиот посев и меркантилната, односно новата употребна вредност, а во смисла на член 20 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

### ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ

**Член 4**

На осигурувањата, склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност на нив, се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ВО ОРАНЖЕРИИ И ПЛАСТЕНИЦИ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

(1) Осигурени се посеви и плодови кои се осигуруваат по Општите услови за осигурување на посеви и плодови, а кои се одгледуваат во оранжерии и пластеници, доколку овие објекти ги исполнуваат следните услови:

1. да имаат инсталирани термографи во секоја единица поголема од 0,20 ха;
2. пластичната фолија на пластениците да не е постара од една година;

(2) Осигурувањето заклучено во смисла на овие услови се однесува и на собраните плодови кои се наоѓаат во оранжерии - пластеник за време од бербата па до истек на 24 часа.

(3) Оранжериите, пластениците, инсталациите и приборот во нив, саксиите и земјата не се опфатени со ова осигурување.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)**

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со оштетување или уништување на осигурените посеви и плодови од следните опасности:

1. мраз, односно измрзнување што ќе настане како последица на оштетување или уништување на оранжериите односно пластениците поради град, пожар, гром, луња, натрупување, односно насобирање на снег, лед, град, и вода на стаклото односно, пластеникот, лизгање или одронување на тлото, земјотрес, снежна лавина, поплава, удар на сопствено моторно возило или работна машина.
2. мраз, односно измрзнување што настанува како последица на застој во довод на електрична енергија или гас поради ненадејно расипување или оштетување на електрична или гасоводна инсталација и уредите кои се сопственост на осигуреникот.
3. мраз, односно измрзнување што настанува како последица на расипување на системот за загревање;
4. зголемени температури што настануваат како последица на расипување на системот за загревање и проветрување;
5. поплава, излевање на вода од водоводот, топловодот или канализацијата.
6. осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување и за штети предизвикани со оштетување или уништување на осигурените посеви и плодови при спречување на настанување на осигурениот случај, односно спасување.

(2) Во колку се договори и плати соодветна премија, осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување и за штети што ќе настанат како механичко оштетување на културите од ризикот град, пожар, гром и луња - директно или индиректно (паѓање на конструкцијата или делови на конструкцијата).

(3) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест за штети настанати од:

1. мраз, односно измрзнување што настанува како последица на недостаток на гориво за загревање, редукции на потрошувачка на електрична енергија или гас, расипување или оштетување на електричната или гасоводна инсталација и уредите кои не се сопственост на осигуреникот.
2. поради попречување на оплодување, односно незаметнување на плодови.
3. останати опасности кои не се наведени во став (1) на овој член.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**

**Член 3**

(1) Обврската на осигурувачот за надомест од осигурување почнува спрема одредбите на член 5 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

(2) Обврската на осигурувачот за надомест од осигурувањето престанува по завршување на бербата, односно вадење на осигурените посеви и плодови, но најдоцна по истек на една година од склучување на осигурувањето.

(3) Обврските на осигурувачот за надомест од осигурување за посеви и плодови во оранжериите односно пластениците кои немаат систем за загревање не може да почне пред 15 март ниту да трае по 31 октомври во тековната година.

**ОБВРСКА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СИТЕ ПОВРШИНИ ПОД ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ИСТ ВИД**

**Член 4**

(1) Осигуреникот е во обврска да ги осигура сите површини под посеви и плодови кои се одгледуваат во оранжерии односно пластеници вклучувајќи ги сите единици на оранжериите и сите рокови на сеење, односно садење.

**РЕВИЗИЈА НА РИЗИКОТ**

**Член 5**

(1) Осигурувачот има право пред заклучувањето и во текот на траењето на осигурувањето да врши преглед на посевите и плодовите, како и објектите во кои посевите и плодовите се одгледуваат, поради утврдување на состојбата во врска со обврските кои произлегуваат од договорот за осигурување.

**ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ**

**Член 6**

(1) Осигуреникот е обврзан да :

1. редовно да ги следи податоците за производниот процес за посевите и плодовите кои се одгледуваат во оранжериите односно пластениците.
2. на осигурувачот веднаш да му се пријави секое оштетување, односно расипување на конструкцијата на стаклените односно пластичните површини, на постројките и инсталацијата, како други настани за кои може да се претпостави, дека би можеле да предизвикаат или веќе предизвикале остварување на некој од ризиците опфатени со осигурување.
3. постојано држење на залихи на резерви на матерјалните потребни за покривање во количество кое изнесува 5% од вкупната заштитна површина на оранжериите односно пластениците.
4. да ги преземе сите потребни мерки да се спречи настанување на осигурениот случај врз основа на член 7 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови (остранување на насобраниот снег, лед, вода и др.).

**УТВРДУВАЊЕ НА ОСТВАРЕНИОТ РИЗИК**

**Член 7**

(1) Остварувањето на ризикот мраз се утврдува врз основа на податоците од лентите на термографот врз основа на карактерот на оштетување на осигурените билки.

(2) Остварувањето на ризикот луња (брзина на ветер поголема од 17,2 м/ сек.) се утврдува врз основа на извештаи на хидрометеролошката служба и врз основа на карактерот на оштетување на осигурените билки и на објектите.

(3) Остварувањето на останатите ризици опфатени со осигурување се утврдува врз основа на карактерот на оштетувањето на осигурените билки на објектите.

(4) Остварувањето на ризиците опфатени со осигурување се утврдува со увидот во евиденцијата што ја води осигуреникот.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**

**Член 8**

На осигурувањата заклучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив, се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОВОШНИ СТЕБЛА И ЛОЗОВИ ПЕНУШКИ - НАСАДИ ВО РОД

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 1**

(1) Осигурени се овошни насади (овоштарници) и лозја во род.
Осигурено е кај овошјата, стеблата, а кај лозјата - пенушките.
Потпорите односно арматурата (бетонски и дрвени столбови, жица и др.) не се осигурени по овие услови.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)
**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со уништување на стеблата и пенушките од: град, пожар, гром, луња, снежна лавина, натрупување на снег и лед во круната, одронување и лизгање на тлото - освен ако во време на склучување на осигурувањето тлото веќе почнало да се одронува или лизга.
(2) Осигурувачот не е во обврска да ги надоместува трошоците за санирање на тлото што се одронува или лизга.
(3) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување само за потполно уништени стебла, односно пенушки.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 3**

(1) Стеблата и пенушките, се осигуруваат до висина на вистинската вредност на насадот (сума на осигурување) а најмногу до неотпишаната книговодствена вредност.
(2) Сумата на осигурување се утврдува посебно за секоја година на траење на осигурувањето. Сумата на осигурување се утврдува по едно стебло или пенушка, како и за вкупниот број на стебла и пенушки.
(3) При утврдување на сумата на осигурување исклучени се трошоците на освојување, односно оспособување на земјиштето за подигнување на насади (мелиорации, спречување ерозија и др.), како и трошоците кои отпаѓаат на наслонот односно арматурата.

## ПОЧЕТОКОТ И ПРЕСТАНОКОТ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
**Член 4**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување почнува по истекот на 24 часа од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурување доколку премијата е платена, односно 24 часа од денот на плаќањето на премијата, доколку се исполнети условите од член 5 став (1), (2) и (3) од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.
(2) Обврската на осигурувачот за надомест од осигурување престанува по истекот на една година од склучување на осигурувањето.

## УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 5**

(1) Настанатите штети се утврдуваат, односно проценуваат во соодветните агротехнички рокови, но најдоцна до почетокот на следната вегетација.

(2) Со процена на штетите се утврдуваат бројот на потполно уништени стебла, односно пенушки на осигурениот насад, односно парцела. Потполно уништени стебла односно пенушки се сметаат оние стебла, односно пенушки, кои се исушиле или станале неспособни за понатамошна вегетација и производство.
Ако од вкупниот број на стебла или пенушки 50% и повеќе е потполно уништено, а се смета дека настанала потполна (тотална) штета на целиот насад односно парцела.
(3) Надоместокот од осигурување се утврдува во висина на вистинската односно неотпишана книговодствена вредност на насадот а најмногу до сумата на осигурување и тоа:

1. ако само одделни стебла или пенушки се потполно уништени, а нивниот број не преминува 50% од вкупниот број стебла, односно пенушки на осигурениот насад односно парцела - според вредноста на уништениот број стебла, односно пенушки.

2. ако настанала потполна (тотална) штета на целиот насад односно парцела, според вредноста на вкупниот број стебла или пенушки на целиот осигурен насад, односно парцела.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**
**Член 6**
На осигурувањата склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив, се применуваат Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОВОШНИ СТЕБЛА
## И ЛОЗОВИ ПЕНУШКИ НА МЛАДИ НАСАДИ ДО ПРОРОДУВАЊЕ

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**
Осигурени се млади овошни насади (овоштарници) и лози (лозја) од засадувањето до пououродување, односно до преведување во основно средство.
Осигурено е кај овошјето - стеблото а кај лозата пенушките.
Потпорите односно арматурата (бетонски и дрвени столбови, жица и др.) не се осигурени по овие услови.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)**
**Член 2**
(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со оштетување или уништување на стеблата и пенушките од град, пожар, гром, луња, снежна лавина, натрупување на снег и лед на стеблата односно лозата, одронување и лизгање на тлото, освен ако во време на склучување на осигурувањето тлото веќе почнало да се одронува или лизга.
(2) Осигурувачот не е во обврска да ги надомести трошоците за санирање на тлото кое се одронува или лизга.
(3) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување само за потполно уништени стебла, односно пенушки. За оштетените стебла, односно пенушки осигурувачот плаќа надомест во висина на вонредните трошоци за спасување.

**СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 3**

(1) Стеблата и пенушките се осигуруваат до висина на трошоците потребни за подигнување и нега на насадите (сума на осигурување).

(2) Сумата на осигурување се утврдува посебно за секоја година на траење на осигурувањето, односно подигнување на насадите.

Сумата на осигурување се утврдува врз основа на вкупните трошоци (вложувања) со тоа што се собираат трошоците остварени во претходните години, сметајќи од првата година, на подигнување на насадот и на нив се додаваат планираните трошоци за тековната година.

Сумата на осигурување се утврдува по едно стебло или пенушка, како и за вкупниот број на стебла и пенушки.

(3) При утврдувањето на сумата на осигурување се исклучуваат трошоците за освојување, односно оспособување на земјиштето за подигнување насади (мелиорација, спречување ерозија и др.) како и трошоците кои отпаѓаат на потпорите односно арматурата.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 4**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување почнува по 24 часот од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурувањето доколку премијата е платена, односно 24 часа од денот на плаќањето на премијата, доколку се исполнети условите од член 5 став (1) и (2) од Општите услови за осигурување на посеви и плодови и доколку до тој момент е извршено засадувањето.

(2) Обврската на осигурувачот за надомест од осигурување престанува по истекот на една година од склучувањето на осигурувањето, а во годината на преведување на насадот во основно средство во 24 часот на денот на почнување на цветање.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 5**

(1) Настанатите штети се утврдуваат, односно проценуваат во соодветните агротехнички рокови, но најдоцна до почетокот на следната вегетација.

(2) Со процената на штетата се утврдува бројот на потполно уништени стебла односно пенушки на осигурениот насад, односно парцела, како и бројот на оштетените стебла, односно пенушки и степенот на нивното оштетување.

(3) Потполно уништени стебла или пенушки се сметаат оние стебла односно пенушки кои се исушиле или станале неспособни за понатамошна вегетација и производство.

Ако од вкупниот број стебла или пенушки потполно се уништени:
- во првата година на вегетација 60%;
- во втората година на вегетација 50%;
- во подоцнежните години на вегетација 40%.

Се смета дека настанала потполна (тотална) штета на целиот насад односно парцела.

(4) Делумна штета се смета онаа штета кај која стеблата на овошјата, односно лозовите пенушки се оштетени но останале способни за понатамошна вегетација и производство.

(5) Висината на надоместок од осигурување се утврдува:

1. ако настанала потполна (тотална) штета на целиот насад односно парцела во висина на трошоците за подигнување и нега на насадот кои се остварени до моментот на настанување на штетата, но најмногу до сумата на осигурување.

2. ако штетата е делумна - во висина на вонредните трошоци потребни за спасување на оштетениот насад (дополнително прскање, режење и др.) кои помеѓу осигуреникот и осигурувачот ќе бидат договорени и остварени од настанување на осигурениот случај до

почетокот на вегетацијата во наредната година. Овие трошоци се надоместуваат најмногу до 25% од сумата на осигурување.

3. ако покрај делумното оштетување на стеблата или пенушките има и потполно уништени, делумната штета се пресметува во смисла на точка 2. а тоталната во смисла на точка 1. од овој член, со тоа што пресметката се врши по едно стебло или пенушка.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ И НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 6**

На осигурувањата склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив, се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ГРОЗЈЕ ОД ГУБЕЊЕ НА КОЛИЧЕСТВО И КВАЛИТЕТ

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 1**

(1) Осигурено е грозје во интензивни насади.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)**

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количество и квалитет на приносите од град.
(2) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количество и квалитет на приносот од елементарни и други причини кои не се наведени во став (1) од овој член.

**УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 3**

(1) Осигурувањето на грозјето од губење на количество и квалитет може да се склучи, под услов со осигурувањето да се опфатени сите површини под грозје на еден осигуреник.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

**Член 4**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на квалитет почнува по истекот на 24 часот од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурувањето доколку премијата е платена, односно 24 часа од денот на плаќањето на премијата, но не пред почетокот на формирање на зрна на гроздот, а за штети предизвикани со губење на количество според одредбите на член 5 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.
(2) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување престанува кога грозјето од иста сорта ќе биде обрано во агротехничкиот рок.

**КЛАСИ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 5**

(1) Во случај на настанување на осигурени опасности грозјето во смисла на овие услови се распоредува во следните класи.

**I. КЛАСА НА КВАЛИТЕТ**

Во оваа класа се распределуваат неоштетените гроздови од град како и гроздовите кои се малку површински оштетени, а такво оштетување има на помалку од 20% од зрната.

**II. КЛАСА НА КВАЛИТЕТ**

Во оваа класа се распределуваат гроздовите на кои има скинати зрна или дел од гроздот, како и гроздови кои се само површински оштетени, а такви оштетувања има на повеќе од 20% зрна.

(2) Гроздовите оштетени со дејство на неосигурените ризици, како и разретчените гроздови, се сметаат, во смисла на овие услови, како гроздови од 1 класа на квалитет.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 6**

(1) При процена на штетата се утврдува:

1. колкав е процентот на потполно уништени, односно откинати зрна и гроздови, т.е.колкава е штетата од губење на количество;
2. за останатиот принос се утврдува штета на губење на квалитет. За делот од приносот кој е декласиран од И во ИИ класа на квалитет, осигурувачот плаќа надомест од осигурување во висина 50% од осигурената сума;
3. збирот на процентите од точките 1) и 2) претставува вкупен процент за надомест од основот на сумата на осигурување.

(2) Надомест од осигурување за потполни штети се утврдува во смисла на став (3) и (5) член 23 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**

**Член 7**

На осигурувањата склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив, се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**
**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЛОДОВИ ОД ОВОШЈЕ ОД ГУБЕЊЕ НА КОЛИЧЕСТВО И КВАЛИТЕТ**

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 1**

Осигурени се плодови од јаболка, круши, праски, кајсии, сливи, и вишни.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (ризици)**

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количество и квалитет на приносот од град.

(2) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количество и квалитет на приносот од елементарни и другу причини кои не се наведени во став (1) од овој член.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 3**
(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количество и квалитет почнува по истекот на 24 часа од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурувањето доколку премијата е платена, односно 24 часа од денот на плаќањето на премијата, односно според одредбите од член 5 на Општите услови за осигурување на посеви и плодови.
(2) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количество и квалитет престанува кога овошјето од ист вид ќе биде обрано во агротехничкиот рок.

**КЛАСИ НА ОШТЕТУВАЊА**
**Член 4**
(1) Во случај на настанување на осигурена опасност плодовите во смисла на овие услови, се распоредуваат во следните класи на оштетување.

1. **ЈАБОЛКА И КРУШИ**

**I. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**
Во оваа класа се распределуваат неоштетените плодови од град, како и плодовите кои се површински оштетени, а оштетувањето не изнесува повеќе од 1см$^2$ од површината на плодот.
**II. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**
Во оваа класа се распределуваат оштетени плодови од град кои можат да бидат површински оштетувања со формирано плутасто ткиво под оштетувањето, како и длабински оштетувања настанати во раната фаза на развојот и кои се калусирале. Вкупните оштетувања не можат да изнесуваат повеќе од 2,5 см.$^2$ од површината на плодот.
**III. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**
Во оваа класа се распределуваат сите останати плодови кои се оштетени од град, но уште се употребливи (за индустриска преработка).

2. **ПРАСКИ**

**I. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**
Во оваа класа се распределуваат неоштетените плодови од град како и плодовите кои се само малку површински оштетени, а оштетувањето не изнесува повеќе од 1 см$^2$ од површината на плодот.
**II. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**
Во оваа класа се распределуваат сите останати плодови кои се оштетени од град, но уште се употребливи.

3. **КАЈСИИ И СЛИВИ**

**I. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**
Во оваа класа се распределуваат плодови кои не се оштетени од град, како и плодови кои се со површински оштетувања, а оштетувањето не изнесува повеќе од 0,5 см$^2$ од површината на плодот.

**II. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**

Во оваа класа се распределуваат сите останати плодови кои се оштетени од град, но се употребливи за индустриска преработка.

4. **ВИШНИ**

**I. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**

Во оваа класа се распределуваат плодови кои не се оштетени од град, како и плодови кои се со површинско оштетување кое слабо се забележува.

**II. КЛАСА НА ОШТЕТУВАЊЕ**

Во оваа класа се распределуваат сите останати плодови кои се оштетени од град, но се употребливи за индустриска преработка.

(2) Оштетувањата настанати од елементарни и други причини, кои не се наведени во член 2 став (1) од овие услови како и големината на плодовите, не влијае на распределбата на плодовите во класи на оштетување.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ**

**Член 5**

(1) Со процената на штета се утврдува:

1. колкав принос би бил остварен да не настанал осигурен случај;
2. колкав е преостанатиот принос по настанувањето на осигурениот случај;
3. колку плодови останале во I класа, а колку со влијанието на осигурениот ризик е декласирано во II односно III класа.

(2) Доколку при проценка на оштета се утврди дека осигуреникот по настанувањето на штетата вршел делумна берба, обраните плодови ќе се земат како плодови во I класа.

**УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 6**

(1) За плодовите од јаболка и круши декласирани во II класа.Осигурувачот плаќа надомест во висина од 40% од осигурената сума.

(2) За плодовите од јаболка и круши декласирани во III класа. Осигурувачот плаќа надомест во висина 80% од осигурената сума.

(3) За плодовите од праски, кајсии, сливи и вишни декласирани во II класа на оштетување осигурувачот плаќа надомест во висина 50% од осигурената сума.

(4) Процент на надомест од ставовите (1), (2) и (3) осигурувачот плаќа за преостанатиот принос, односно за приносот кој е намален за процентот на уништените плодови.

(5) Процентот на надомест од ставовите (1), (2) и (3) и процентот на уништените плодови претставуваат вкупен надомест од основот на осигурување.

(6) Надоместот од осигурување за потполни штети се утврдува во смисла на став (3) и (5) од член 22 од Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**

**Член 7**

На осигурувањата склучени по овие Услови, доколку не се во спротивност со нив, се применуваат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Постапка по приговори**

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

**Решавање на спорови**

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот з а осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Одлука бр.0203-884 од 14.03.2019 донесени од страна на Одбор на Директори на Друштвото.